# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани *
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 04-1819/6
03.11 20 23 год.
КОЧАНИ

**ЗАПИСНИК**

**од спроведениот практичен испит за инспектор**

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор (Сл. весник на РСМ бр. 102/19) и Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл. Весник на РСМ бр. 238/19) на ден 03.11.2023 година со почеток во 09:00 часот во службена просторија на Општина Кочани пред Комисија за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Секретарот на Општина Кочани со арх. бр. 04-1819/3 од 30.10.2023година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисијата е во следниот спостав:

- **Александар Велков** - Овластен комунален инспектор во Одделение за инспекциски служби – ментор на кандидатот за инспектор
- **Жаклина Пауновска Анѓелковиќ** – Овластен инспектор за патен сообраќај во Одделение за инспекциски служби
- **Лета Георгиевска** – Овластен инспектор за животна средина во Одделение за инспекциски служби
- **Влатко Серафимов** – член од областа на животна средина и заштита на здравјето на луѓето – номиниран член од Инспекциски совет

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Ристо Николовски на работно место Овластен комунален инспектор во Одделението за инспекциски служби во Општина Кочани.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот Ристо Николовски изврши симулiran инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затварање и документирање на инспекциски надзор.

Кандидатот презентираше вонреден инспекциски надзор.

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Ристо Николовски, комисијата ги утврди освоентите бодови и тоа:

- Планирање и подготовка за инспекцсиски надзор – **15 бодови**
- Спроведување на инспекциски надзор – **30 бодови**
-Затворање на инспекциски надзор – **30 бодови**
-Документирање на инспекциски надзор – **15 бодови**

Комисијата констатира дека кандидатот Ристо Николовски го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени **90 бодови**.

Полагањето на практичниот дел од испитот се рализираше во време:

Почеток во 09:00 часот на ден 03.11.2023 година

Завршување во 11:30 часот на ден 03.11.2023 година

Комисија за полагање на практичен дел од испит за инспектор:

**1. Александар Велков** ______________________________

**2. Жаклина Пауновска Анѓелковиќ** ____________________

**3. Лета Георгиевска** _______________________________

**4. Влатко Серафимов** ______________________________